# Известување за Јавна расправа на Плановите за управување со животната средина и со социјалните работи (ПУЖССР) за реконструкција на 15 објекти на Министерството за здравство со мерки за енергетска ефикасност во РСМ

Во рамки на "Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор во РСМ" (ПЕЕЈС) кој се реализира од страна на Единицата за спроведување на проектот при Министерството за финансии со финансиска поддршка од Светска Банка, во компонентата за згради на централните власти предложена е реконструкција на 15 објекти ЈЗУ со мерки за енергетска ефикасност.

Согласно *Рамката за животна средина и социјални работи* изготвена врз основа на барањата на Светска Банка беа подготвени документи "**Контролна листа со мерки за управување со животна средина и социјални работи**" во кои се наведени детални мерки за ублажување на влијанијата врз животната средина и социјалните работи кои ќе произлезат од планираните градежни активности на сите 15 објекти. Овие документи, заедно со формуларот за поднесување на коментари од јавноста, се поставени за јавен увид на официјалните веб страници на:

Министерството за финансии (Под-проекти за енергетска ефикасност во единиците на локална самоуправа - finance.gov.mk) и на:

Министерство за здравство: Министерство за Здравство – Министерство за Здравство (zdravstvo.gov.mk) во периодот мај-јуни 2023год.

Јавната расправа за контролните листи од документите Планови за управување со животната средина и социјалните работи (ПУЖССР), ќе се одржи на **16.06.2023 (петок) со почеток во 12.00 часот во хотел „Холидеј Ин" Скопје,** со следниот дневен ред:

1. Воведен збор на Главниот координатор на Единицата за спроведување на проектот при Министерство за финансии за Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор: Тања Томиќ, Главен координатор на проектот и специјалист за социјални работи - 20 минути
    - Краток осврт на активностите за реконструкција на 15 згради - ЈЗУ во РСМ
2. Мерки за постојана грижа на корисниците за време на градежните работи: поканет претставник од Министерство за здравство на РСМ - 10 минути
3. Краток осврт на документите "План за управување со животната средина и со социјалните аспекти за проектите": Катарина Георгиевска, Консултант за животна средина при ПЕЕЈС – 20 минути
4. Дискусија

**Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор**
**Министерство за финансии**